ГРАД СКОПЈЕ
СЕКРЕТАР

MQS
Partner of Quality Austria
Сертифициран систем според
ISO 9001:2015 Бр. Q-1110/0

Бул. Илинден 82
1000 Скопје
www.skopje.gov.mk.

тел: 02/ 3 297 214

Наш број: 08-3602/1
01. 08. 2025
Скопје

Врз основа на член 45 став 1 од Закон за административните службеници („Службен весник на Република Македонија“ бр. 27/14, 199/14, 48/15, 154/15, 5/16, 142/16 и 11/18 и „Службен весник на Република Северна Македонија“бр. 275/19, 14/20, 215/21, 99/22 и 208/24), Секретарот на Град Скопје донесе

## О Д Л У К А

1. За извршител на работното место **Самостоен референт за архивирање**, со шифра УПР0101Г01000, Одделение за стручни и стручно-административни работи, Сектор за општи работи, по јавен оглас бр.606/2025, се избира кандидатот **Анета Вукашиновиќ Соколовска.**
2. Именуваната ќе биде вработена на работното место од претходната точка, по конечноста на оваа одлука, за што ќе се донесе решение за вработување.

## О б р а з л о ж е н и е

На ден 25.06.2025 година во дневните весници „Нова Македонија“, „Слободен печат“ и „Коха“ и на интернет страната на Агенцијата за администрација објавен е јавен оглас број 606/2025 за вработување на 1 (еден) административен службеник во Град Скопје.

Комисијата за селекција за вработување формирана со Решение на Директорот на Агенцијата за администрација бр.10-1546/3 од 03.07.2025 година и Решение за изменување и доплнување на Решението за комисија за селекција на кандидати за вработување по јавен оглас бр.10-1546/5 од 30.07.2025 година ја спроведе постапката за селекција за вработување.

По спроведената постапка за селекција за вработување, Комисијата изготви Конечна ранг-листа и Предлог кандидати за вработување за јавен оглас бр.606/2025 со којшто му предложи на Секретарот на Град Скопје за работното место Самостоен референт за архивирање, со шифра УПР0101Г01000, Одделение за стручни и стручно-административни работи, Сектор за општи работи, да го избере кандидатот Анета Вукашиновиќ Соколовска.

Врз основа на наведеното, Секретарот на Град Скопје изврши избор како во диспозитивот на оваа одлука.

**ПРАВНА ПОУКА:** Против оваа одлука незадоволниот кандидат може да изјави жалба до Агенцијата за администрација во рок од 8 дена.

**ДОСТАВЕНО ДО:**
- Избраниот кандидат;
- Секторот за управување со човечки ресурси;
- Агенцијата за администрација;
- Архивата.

РЕПУБЛИКА СЕВЕРНА МАКЕДОНИЈА ГРАД СКОПЈЕ-СКОПЈЕ QYTETI I SHKUPIT-SHKUP REPUBLIKA E MAQEDONISË SË VERIUT

**Град Скопје**
**Секретар**

**Зоран Глигоров**